**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1058**
**Скопје, 15 јули 2013 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на Билтен број 1058 од 15 јули 2013 година


**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Физика за анестезиолози,** од **авторот д-р Мирјана Шошолчева,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.......................................................1-2

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Иво Лазаревиќ, Никола Брдаров, Анета Дамјановска, Ема Топочева, Катерина Љушева, Надица Тониќ, Јован Аслимоски, Сања Мигуловска, Дарко Николовски, Владимир Ќосевски, Сијче Печкова, Дритон Демири, Биљана Литковска, Лилјана Толевска)**..............................3-4

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Деловното разузнавање како алатка за одредување на изворите на организациските промени во малите и средните претпријатија,** изработена од **м-р Драган Шутевски,** пријавена на Машинскиот факултет во Скопје.....................5-10

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден асистент од областа на физиката на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Ламбе Барандовски)**.....................11-19

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Наташа Младеновска-Лазаревска)**.....................20
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(Димитар Пипилевски, Милена Ристова, Ѓоко Здравевски, Ридван Четин, Сејхан Муртезан-Ибрахими, Елена Петрова, Ивана Лекиќ)**.....................21-22

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Наташа Павлоска, д-р Семра Јонузи, д-р Ермира Муслиу)**.....................23

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонски јазик во Скопје **(Александар Јорданоски, Мирјана Вељаноска, Жаклина Ѓорѓиоска, Милена Николовска)**.....................24

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(м-р Роберт Манасиев)**.....................25
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Зоран Јованчев, Антонио Кесковски, Марија Ѓурчиновска, Драган Крстиќ, Марија Јаневска, Маријана Петрушевска, Александра Мирческа, Душко Роголев, Аљма Мустафаи, Манушаќе Абази, Ирина Боневска, Моника Павловска, Диана Миленковска, Ташко Боцев, Фросина Крстевска, Стојан Прензоски, Добре Петревски, Александра Крстевска, Симона Трајковска, Бошко Софијанов, Огнен Тилиќ, Марија Талеска, Милош Смилковски, Дара Арсова, Душица Богданоска, Драгана Марковиќ, Мартина Сотировска, Наумче Проески, Бојан Тумановски, Марија Георгиевска, Лазар Костов, Дорис Митева, Димитар Јаќимоски, Марио Здравевски, Ангела Саплиева, Елена Георгиевска, Нада Гаревска, Александра Аргировска, Илија Стојковски, Кристина Најдовска, Петар Димитров, Мери Забазноска, Димитар Смоковски, Теодора Маневска, Маја Митревска, Росица Младеновска Андоновска, Марија Пешевска, Лиса Баута, Марија Ѓорѓиевска, Звезда Тодоровска, Наташа Димитрова, Катерина Метулева, Елена Наскова, Стефан Камишевски, Александра Јанаќиевска, Марија Каранфиловска, Драган Нешкоски, Анета Станковска, Елена Ковачевска, Јана Јосифоска, Фатима Салифоска, Тања Панева, Сања Јовановиќ, Горан Поповски, Александра Станојковска, Драган Алчинов, Марија Јосифова, Дорјана Бојановска, Николина Новеска)**.....................26-33

3. Рецензија на докторската дисертација **Говор на омраза во медиумското известување: анализа на печатени и електронски медиуми во Македонија** од **м-р Жанета Ќосе**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................34-39

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Ориентација, маркетинг-стратегија и план – основни бизнис-чекори за успешно конкурентско позиционирање на малите и средните претпријатија на пазарот – со посебен осврт на индустријата и пазарот на кондиторски производи во Р. Македоија,** изработена од **м-р Тамара Јованов Марјанова**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................40-50
2. Рецензија на докторската дисертација **Систем на територијален маркетинг-стратешки елемент на развојот,** изработена од **м-р Надица Јовановска-Бошковска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................51-59

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Модели на воена организација**, од **д-р Синиша Даскаловски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................60-65

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Збирка решени задачи од математика 1,** за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет, од **авторите д-р Бети Андоновиќ, м-р Зоран Мисајловски, Томи Димовски,** пријавен на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје....................66-69

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Подобрување на метролошките карактеристики кај дигитални мерни системи, базирани на временско-дигитална конверзија,** од м-р Живко Коколански, пријавена на Факултетот за електротехника и инфорациски технолоигии во Скопје....................70-75

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Дрита Узаири Хавзиу, Адријана Торбовска, Зоран Наков)**....................76
2. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Нели Трајковска)**....................76

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Релевантност на објективната вредност за финансиското известување во Р. Македоија,** изработена од **м-р Атанаско Атанасовски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................77-84

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите: текстилни влакна 1, текстилни влакна 2, подготовка И доработка на текстил и облека, боење текстил и облека, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Игор Јорданов)**....................85-94

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Маја Матеска, Елена Ефтоска, Тони Стојмановски, Мишко Арсов, Неџат Бајрами)**....................95

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите нацртна геометрија и перспектива на Институтот за графички комуникации при Архитектонскиот факултет Скопје **(д-р**

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Основи на стоматолошката рендгенологија** од авторот **Марија Стевановиќ и соработниците,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје....................112-122

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Хистологија, градба на ткивата, усната празнина, респираторниот систем и органот за слух**, од авторите **Елида Митевска, Лилјана Миленкова**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје....................123-125

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања за научните области (дисциплине): дефендологија, цивилна одбрана и цивилен кризен менаџмент на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Сергеј Цветковски)**....................126-137

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК "КРСТЕ МИСИРКОВ"**

1. Реферат за избор на научен соработник во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје **(д-р Фани Стефановска-Ристеска)**....................138-149
2. Реферат за избор во звањето научен советник во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" **(д-р Наталија Андријевска)**....................150-155

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на вонреден професор по предметите општа и неорганска хемија и физичка хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Руменка Петковска)**....................156-171
2. Реферат за избор на доцент по група предмети од применета хемија и фармацевтски анализи на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Ана Поцева-Пановска, д-р Јасмина Тониќ-Рибарска, д-р Катерина Брезовска)**....................172-219
3. Реферат за избор на доцент по група предмети од областа фармацевтска технологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Маја Симоноска Црцаревска)**....................220-243
4. Реферат за избор на вонреден професор по предметите од областа фармацевтска технологија и козметологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Марија Главаш-Додов)**....................244-268

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Сандра Петрушевска, Сања Петровска, Тања Петковска, Глигорие Ќатоски, Ивана Јованоска, Александар Огненовски, Љупка Делева Велковска, Божидар Јанковски, Катарина Величковска, Елма Никочевиќ, Аргенд Чиљафи, Тодорче Малезански, Екатерина Фурманова, Наташа Стојкова)**....................269-272

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Билјана Тримчевска, Фросина Ризов)**....................273

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Ана Јаќоска, Сашка Павловска, Душанка Златанова, Теодора Богојевска, Жаклина Петровска, Ивана Илиевска, Снежана Ристовска, Драгана Вељановска, Иван Јованов, Злата Анчевска, Владо Настевски, Газменд Илази, Даниела Стевоска, Никола Ѓорѓиоски, Веселинка Георгиевска, Емилија Димитријоска, Никола Михајлоски, Фатмир Амети, Лета Барџиева, Владимир Петровски, Трајче Јовановски, Светлана Војновска, Маја Крстеска, Наташа Димоска, Неда Малеска, Марија Манасиевска)**....................274-275
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Севиљ Муаремоска, м-р Астрид Оровчанец, м-р Тони Наумоски, м-р Јелена Јариќ, м-р Милена Авукатова)**....................276-277

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставникво сите наставно-научни звања по предметите биохемија и клиничка биохемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Марија Хиљадникова-Бајро)**....................278-289

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на насловен доцент во наставно-научната област математика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Весна Андова)**....................290-299

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК “КРСТЕ МИСИРКОВ”**
1. Реферат за избор на научен соработник во Институтот за македонски јазик “Крсте Мисирков” во Скопје (**д-р Весна Костовска**)........................................................300-305
2. Реферат за избор во звањето научен советник во Одделението за ономастика при Институтот за македонски јазик “Крсте Мисирков” (**д-р Мери Момировска**)........................................................306-309

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научната област информатика и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Вангел Ајановски**)........................................................310-325
2. Рецензија на докторската дисертација **Податочна фузија кај безжични сензорски мрежи**, изработена од **м-р Билјана Стојкоска**, поднесена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје........................................................326-331
3. Реферат за избор на наставник во сите звања од областа на информатиката и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Владимир Трајковиќ**)........................................................332-367

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Пристапот до финансирање на малите и средните претпријатија: улогата и интервенциите на државата**, изработена од **м-р Ефимија Димовска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје........................................................368-376

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Социо-економски аспекти на невработеноста и политиките на вработување во Република Македонија**, изработена од **м-р Александра Лозаноска**, пријавена на Економскиот институт во Скопје........................................................377-384
2. Рецензија на докторската дисертација **Менаџирање со кредитните ризици за глобалните финансиски кризи**, изработена од **м-р Александар Дејановски**, пријавена на Економскиот институт во Скопје........................................................385-389
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Бобан Талевски, Борјана Стојкова, Даниел Јосифовски, Лидија Марков, Габриела Михајлова, Тони Михајловски, Бесим Небиу, Розалинда Стојова, Јулијана Соколова, Емилија Саздова-Руменова, Валентина Трпчевска, Тина Анастасова, Александар Мирковски, Иван Чепреганов, Надица Крцковска, Стојна Попоска, Кирјакула Стефаноска-Грумустеана, Игор Нанов, Светлана Каличанин, Марјан Ѓурчевски, Драгана Ѓокиќ, Сашо Михајловски, Лидија Калачевска**)......390-391

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка докторска дисертација на Природно-математикиот факултет во Скопје (**м-р Зенафер Бајмак**)........................................................392
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математикиот факултет во Скопје (**Елена Јовановска, Маја Димитровска, Наташа Чипановска, Анита Диневска-Геговска, Методиј Богоевски, Ивица Костадиновски, Наташа Јосифовска, Наталија Томова, Татјана Мицевска, Тања Атанаскова, Елена Ангеловска, Антонио Бужаревски, Билјана Митрова, Каролина Русевска, Светлана Ангеловска**)........................................................393-394

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**
1. Реферат за избор на наставник во сите звања по теориски основи на информатиката при Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Весна Димитриевска Ристовска**)........................................................395-407

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**
1. Рецензија на докторската дисертација **Односите меѓу Албанија и Кралството на СХС/Југославија 1918-1939 година**, од **м-р Исамедин Азизи**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје........................................................408-411
2. Реферат за избор во звање научен соработник на Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Ангелина Поповска**)........................................................412-414

3. Реферат за избор во звањето научен соработник-доцент во Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Јасминка Кузмановска**)....420-431
4. Реферат за избор во звањето научен соработник при Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Јордан Поп-Атанасов**)....432-436
5. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја во Скопје (**Фехми Ебиби**)....437

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Робусност на ставот на полухуманоиден робот во однос на надворешни нарушувања,** од м-р Весна Антоска, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје....438-444

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од областа на урбанизмот на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Слободан Велевски**)....445-459
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областа на архитектонското проектирање, по предметите: Архитектонско проектирање 1 и Архитектонско студио, во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Марија Мано-Велевска**)....460-470

## СПИСОК НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

### ТЕМИТЕ СЕ ПРИФАТЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ НА 9 -ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 02.07.2013 ГОДИНА

| |
|---|
| **Кандидат:** д-р Наташа Павлоска |
| **Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик: Банкирање на мати чните клетки од забната пулпа –ниво на информираност и едуцираност на родителите и стоматолозите .** |
| **Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Dental pulp stem cells banking-level of awareness and education of parents and dentists.** |
| **Кандидат:** д-р Семра Јонузи |
| **Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик:Аналза на дентални лакови во три етнички групи.** |
| **Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Analysis of dental arches in three ethnic groups.** |
| **Кандидат:** д-р Ермира Муслиу |
| **Наслов на прифатениот магистерски труд на македонски јазик : Проценка на взаемната поврзаност помеѓу парафункциите во орофацијалната регија и малоклузиите кај предучилишни деца .** |
| **Наслов на прифатениот магистерски труд на англиски јазик: Assesment of interrelation between parafunction in orofacial region and malocclusion in preschool chuldren.** |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ “ОСНОВИ НА СТОМАТОЛОШКАТА РЕНДГЕНОЛОГИЈА“ ОД АВТОРКАТА МАРИЈА СТЕВАНОВИЌ И СОРАБОТНИЦИТЕ

На третата редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет одржана на 31.1.2013г., определена е рецензентска комисија за оцена на ракописот за учебник под наслов "Основи на стоматолошката рендгенологија" од авторот проф.д-р Марија Стевановиќ и соработниците, наменет за студентите по стоматологија: Проф.д-р Климе Ѓоревски, проф.д-р Марија Зужелова и проф.д-р Борис Величковски.
Како еден од рецензентите го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Респектирајќи ги аспектите за основните особини кои треба да ги поседува едно учебно дело, а да не содржи оригинални лични и научни достигнувања, авторката со своите соработници во овој ракопис обработиле верификувани, опишани стручно-здравствени содржини за состојбите во орофацијалната регија кои што се неопходни за додипломската едукација на студентите по стоматологија согласно со прифатените наставни планови и програми.
Ракописот има за цел, која во целост ја исполнува, собирање, опис и интерпретација на веќе познати стручно-здравствени податоци и факти за здравствените состојби на споменатата регија кои со помош на ртг-знаците стануваат достапни на стручните лица за дијагностицирање и терапијско следење во секојдневната практика.
Ракописот е досега прво издание објавено на македонски јазик во Републикава и тоа на Стоматолошкиот факултет, а е посветено на овие содржини .
Ракописот според содржината покрива вкупен фонд од 60 часа: 30 теоретски и 30 практични за студентите по стоматологија и 15 часа за студентите на Високата школа за забни техничари.
Текстот е пишуван на јасен разбирлив и концизен јазик со современа и дидактички функционална класификација на материјалот. Текстот е расположен на 214 страници, има вовед, а содржината е сместена во три целини. Вкупно има 18 поглавја, а секое од нив содржи по неколку потпоглавја во зависност од материјалот кој што е опфатен во нив. Секој рендгенолошки податок е илустриран со соодветна ртг- слика така што вкупно има 280 илустрации од рендгенграфии, позиции за снимања и шеми.
На крајот, авторите ја навеле користената богата, современа литература посветена на орофацијалната регија од аспект на рендгенолошките збиднувања.
**Во воведот** е потенцирана суштината на X -зраците кои претставуваат интегрален дел на стоматолошките клинички испитувања неопходни за поставување на поголем број клинички дијагнози и следења на терапевтските постапки Тука е сместен и краток вовед за глобалните познавања од денталната радиографија и радиологија навестувајќи дека тие ќе бидат образложени во понатамошниот текст низ 4 целини.
Првиот дел на ракописот е општ дел и почнува со:

**Првото поглавје,** кое е целосно посветено на суштината на рендгенската слика низ 5 подзаглавија во кои се зборува за квалитетот на ртг сликата, за позиционирањето на филмот, за објектот за сликање и Х-зраците, за карактеристиките на Х- зраците, перцепција на ртг -сликите и создавање, својства и интеракција на Х- зраците.
**Во второто поглавје** авторката се осврнува на основните познавања на физиката како неопходни за понатамошно разбирање на содржините низ следниве поднаслови: продукција на зраците, биолошки ефекти и ризици од рендген-зрачењето.
**Третото поглавје**, "Опрема за Х- зрачење, филмови и процес на изведување", има 11 концизно образложени поднаслови како: фокусна точка; големина и принцип за правецот на фокусирање, главни составни делови на контролниот панел, рецептори на слика, филм за директна постапка, филм за индиректна постапка, касети, складирање на филмот, опрема за развивање на филмот, рачно развивање на ртг-филмот, автоматски развивање на ртг-филмот и саморазвивачки филмови кои имаат за цел да го воведат и едуцираат студентот во техниката на изработка на ртг -филмовите.
Потеклото на денталната радиологија со краток историјат е опишана во **четвртото поглавје,** а потоа низ содржините насловени како: радиоактивно дејствување врз ткивата и органите, радиоактивни ефекти во оралната празнина, ефекти од радијацијата на целото тело и радиоактивни ефекти на ембриони и фетуси со сета сериозност, стручно се опишани опасностите кои демнеат при невнимателно ракување со Х- зраците.
За радиоактивната заштита се зборува во **петото поглавје** од првиот дел. Таа е елаборирана низ 6 поднаслови: ризични принципи, критични дози за поедини органи, професионална експозиција, персонално средство за мониторинг, препораки за заштита од прекумерна радијација и професионален суд. Сите мерки на предострожност се застапени, со слики илустрирани и експлицитно објаснети.
**Во шестото поглавје** се укажува на најчестите грешки при рентгенграфирањето со цел студентите да се едуцираат во прецизноста на изработката. Тука авторот се осврнува на можните грешки како што се појавите на: осветлена рендгенографија, темна рендгенографија, недоволен контраст на ртг сликата, замаглување на филмот, појава на темни точки на рендгенографијата, појава на бели точки, појава на жолти или кафени точки, појава на заматена рендгенографија и рендгенграфија со нецелосна слика.
**Во вториот дел на ракописот, всушност во седмото поглавје, авторите ги обработуваат техниките на рендгенграфското снимање.** Опишани и илустрирани се повеќе методи на ртг- снимање на лицево- виличната регија како: интраорално, екстраорално снимање, потоа сагитално, латерално, телерендгенграфија и специјални снимања. Од приложениот текст во ова поглавје студентите ќе бидат едуцирани за изборот на методата за сликање во зависност од клиничките потреби.
**По сето тоа следува третиот т.н. специјален дел.** Тој почнува со **осмото поглавје** и во него се сместени содржините за нормалната рендгенграфска анатомија на структурите. Неговите поднаслови се однесуваат на забите, пулпата, потпорните забни структури, максилата, мандибулата и на крајот е и ртг-приказот на реставративните структури.

**Во деветтото поглавје** се зборува за интраоралните рендгенографски испитувања. Поглавјето е образложено низ 3 поднаслови: критериуми кои го гарантираат квалитетот на рендгенграфската слика, особености при рендгенографското испитување кај деца и возрасни и посебни размислувања и пристапи при ртг- снимањата.

**Во десетото поглавје** се сместени рендгенографските анализи на денталните патолошки состојби. Кариозниот процес е прикажан во сите свои варијации, кои се богато, експлицитно илустрирани и анализирани, што е неопходно за негово точно дијагностицирање.

**Аномалиите на забите се претставени во единаесеттото поглавје.** Од него може точно да се едуцираат студентите дека без ртг- снимка нивното дијагностицирање би било невозможно.

**Трауматските повреди на забите, трауматските повреди на лицевите коски како и регресивните промени на забите се** прикажани во дванаесеттото поглавје со текст соодветен на ртг- приказите.

**Во тринаесеттото поглавје сместена е содржината посветена на инфекциите и инфламациите на вилиците и лицевите коски.** Нивните реперкусии се прикажани како се отсликуваат на ртг- сликите и како можат мегусебно диференцијално да се дијагностицираат.

**Четиринаесетото поглавје со повеке поднаслови** посветено му е на темпоромандибуларниот зглоб во целовитост на нормалната анатомија, а потоа следат радиолошките испитувања и промените кои се регистрираат во оваа регија во доменот на програмите за до дипломска едукација на студентите по стоматологија.

Тука се опфатени содржини на нормалната коскена структура, рскавица и сврзните структури. Потоа следат содржини на радиолошките испитувања на патолошки промени на ТМЗ.

И радиографски испитувања на **саливарните жлезди и параназалните синуси** имаат свои посебни поглавја заради специфичноста на нивната локализација и богата патолошка структура. Ним им припагаат поглавјата: **петнаестто и шеснаесетто,** а во **седумнаесеттото опфатени се неправилностите во развојот на лицевите и виличните коски.** Во овој ракопис опишани се од ртг- аспект и одонтогени цисти, тумори, трауми на синусите, неправилности во развојот на лицето и вилиците како клеидокранијалните дисплазии, краниофацијалните дисторзии, хемифацијалните хипертрофии, хемифацијалните хипоплазии, хиперплазии на максијалниот тубер, расцепите на непцето, хиперплазијата на короноидниот продолжеток и други патолошки наоди на коските.

**Рендгенграфијата пак на пародонталните** ткива и пародонталните болести е сместена и подробно изложена **во осумнаесеттото** поглавје. За појасно прифакање на заболувањето, кое покрај кариесот е најфреквентно во стоматолошката практика, е постапно изложено и класифицирано: почнува со опис на анатомските карактеристики на пародонталните ткива, рендгенографија на здравиот пародонциум, потоа методи на рендгенографирање на пародонталните ткива при пародонтопатија, рендгендијагностика при оклузални трауми, ртг прогнозирање на пародонталните болести, улогата на рендгенографијата во планирањето и следењето на терапијата, цисти и тумори.

На крајот од ракописот е посочена актуелната користена литература од референтни учебни помагала од странски автори.

## Заклучок

Учебникот "Основи на стоматолошката рендгенологија" од проф. д-р Марија Стевановиќ и соработниците содржи материјал кој треба да им помогне на студентите од студентската програма, стоматологија, полесно да ја совладаат предвидената наставна програма по дотичната дисциплина. По обемот и содржината тој во целост одговата на неа.
Авторката со своите соработници на најдобар начин текстот го вклопила во единствена целина по стил, јазик и методичност, така што е лесно читлив, разбирлив за усвојување на содржините од страна на студентите. За неговиот квалитет многу придонесуваат и внимателно одбраните и групирани илустрации и фотографии кои што на студентите им го олеснува совладувањето на наставната програма по овој предмет. Затоа, јас како рецензент на овој ракопис, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да го процедурира понатаму за печатење. При тоа, искрено се надевам дека читателите и корисниците на овој учебник, студентите по стоматологија, како најмеродавни ке го потврдат неговиот квалитет.

**Рецензент**
**Проф.д-р Климе Ѓоревски с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ "ОСНОВИ НА СТОМАТОЛОШКАТА РЕНДГЕННОЛОГИЈА" ОД АВТОРката МАРИЈА СТЕВАНОВИЌ И СОРАБОТНИЦИТЕ,

На учебникот "Основи на стоматолошката рендгенологија" од проф.д-р Марија Стевановиќ и соработниците.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 3-та редовна седница одржана на 31.1.2013 година донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на ракописот за учебното помагало "Основи на стоматолошката ренгенологија и рендгенграфија" од проф.д-р Марија Стевановиќ и соработниците. Рецензентската комисија е составена од членовите: Проф. д-р Климе Ѓорески, Проф. д-р Марија Жузелова и проф. д-р Борис Величковски.

Како член на рецензентската комисија, го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Предмет на оваа рецензија е ракописот за учебникот под наслов "Основи на стоматолошката рендгенологија", наменет за додипломска едукација на студентите по стоматологија по предметот "Стоматолошка рендгенологија"

Самиот ракопис покажува дека претставува добро осмислена, систематизирана едукативна целина за изучување на предметот стоматолошка рендгенологија кој се слуша во VII семестар.

Овој ракопис во целост ќе ја покрие програмата на тој предмет што е усвоена од Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет.

Предвидено е програмата да се изведува и апсолвира во 30 теоретски и практични часа.

Ракописот се состои од 213 отчукани страници, изобилува со ,слики и шематски прикази со цел експлицитно да се воведе и обучи студентот во предметот. Текстот е групиран во 3 дела и вкупно 18 поглавја, а секое поглавје е расчленето на повеќе поднаслови, во зависност од материјата што ја обработува.

Воведот е краток и јасен, а се однесува на неопходноста од примената на Х- зраците за поставување на поголем број клинички дијагнози, како и на понатамошната систематизација на материјата.

Општиот дел започнува со поглавјето: Суштина на рендгенската слика во кое со посебни поднаслови се опишани радиографските сенки, важноста

на квалитетот на ртг- снимката, позиционирањето на ртг-филмот, објектот на снимањето, поставувањето на X- зраците и нивната интеракција. Овој материјал дава потребни предзнаења на студентот за изведување на практичната изработка на ртг сликите.
Општите познавања од физиката се кратко и концизно опишани како основни познавања потребни за да се разбере продукцијата на X- зраците, нивните биолошки ефекти и ризиците од нив.
Опремата за X-зрачењето, филмовите и процесот на изведување на сликите се содржините на третото поглавје. Тие се наменети за практично едуцирање на студентите кое ќе резултира во самостојна изработка на ртг- слики во стоматолошката практика.
Понатаму следат страници кои ги опишуваат ефектите на X зраците во орофацијалната регија, на ембрионите, фетусите и телото во целост.
Логично, во наредното шесто поглавје, авторката ја обработува радиоактивната заштита на персоналот и пациентите со низа конкретни препораки и упатства.
Авторката многу детално ги опишува грешките при рендгенографирањето кои доведуваат до субоптимален или комплетно лош квалитет на сликата со што се оневозможува точното дијагностицирање.

Сите видови на техники за ртг -снимање на орофацијалната регија се многу подробни и со фотографии поткрепени. За секоја техника: интраорална, екстраорална, латерална, панорамска и др. е точно назначено за која регија е индицирана нејзината примена и какви податоци можат да се добијат за случувањата во неа. Обемноста на оваа материја, всушност го претставува вториот дел на овој ракопис и претставува голем придонес за теоретската и практичната едукација на студентот.

Третиот, т.н. специјален дел на ракописот почнува со поглавјето: "Нормална рендгенографска анатомија", а се однесува на забите, пулпата, на потпорните структури, максилата и мандибулата како посебни и најфреквенти за интраорално ренгенографирање кај деца и кај возрасни лица со вообичаени и некои посебни пристапи во работата.
Голем акцент е даден на рендгенографската анализа на патолошките состојби на забите (како најфреквенти во стоматолошката практика), потоа на нивните аномалиите и регресивни појави, па на траумите и фрактурите на лицево виличните коски.
Веќе во дванаесеттото поглавје образложени се инфламациите на овие структури, нивното рендгенолошко манифестирање, како и најсоодветниот избор на ртг- методите за нивното детектирање.
За рендгенграфијата на пародонталните ткива при нормални состојби и пародонтопатија, авторите посветуваат цело поглавје во кое дидактички е пренесена целата патологија на овие ткива, нивно дијагностицирање, планирање на терапијските постапки и следење на состојбите со помош на ртг снимките.
Исто така многу конструктивно и коцизно е пренесена улогата на ренггенографирањето во пределот на темпоромандибуларниот зглоб со

ртг-белезите на нормалните, здравите структури, а потоа на сите отстапувања како развојни дефекти, инфламации, трауми и неоплазми.
Образложени се и радиографски испитувања на саливарните жлезди, на параназалните синуси и неправилностите во развојот на лицево виличните коски. При тоа, нагласена е улогата на посебни рендгенолошки методи соодветни за испитувања на овие регии и ткива.
Користената литература е соодветна и современа.

## З А К Л У Ч О К

Со ова учебно помагало авторката со своите соработници дава значаен придонес во додипломската едукација на студентите по стоматологија при изучување на програмата за стоматолошката рендгенологија. Тоа е прво учебно помагало на македонски јазик, прво издание кое ќе даде огромен придонес во дијагностицирањето и следењето на терапијата при заболувањата во орофацијалната регија .
Затоа имам чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет овој материјал да го прифати за печатење како учебник за предметот стоматолошка рендгенологија за студентите по стоматологија и за сите оние на кои овој предмет им е од посебен интерес.

Рецензент

Проф.д-р Марија Жузелова с.р

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ "ОСНОВИ НА СТОМАТОЛОШКАТА РЕНДГЕННОЛОГИЈА" ОД АВТОРОТ МАРИЈА СТЕВАНОВИЌ И СОРАБОТНИЦИТЕ,
На третата редовна седница на Наставнонаучниот совет на Стоматолошкиот факултет одржана на 31.1.2013 донесена е одлука за формирање на Рецензентска комисија за ракописот под наслов "Основи на стоматолошката рендгенологија" од авторот Марија Стевановиќ и соработниците. За членови на Рецензентската комисија беа одредени: Проф.д-р. Климе Ѓорески, проф.д-р Марија Зужелова и проф.д-р Борис Величковски.

По деталната анализа на пристигнатиот материал, како рецензент на го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот се состои од 213 страници, 180 слики, фотоприлози и скици, материјата е групирана во 3 дела, а секој од нив има посебни поглавја и поднаслови во зависност од материјата што ја обработува.
Вкупно во ракописот се обработени: краток вовед, 18 поглавја и литературен преглед
Авторката со своите соработници се зафатила за многу комплексна задача, поставувајќи си за цел да ја опише и систематизира за првпат наставната програма по предметот "Стоматолошка рендгенологија" во овој ракопис настојувајќи да ја направат што е можно по прифатлива и полесна за совладување од страна на студентите.

Општи дел

1. **Суштина на рендгенската слика.** Ова поглавје има за цел низ своите поднаслови: Квалитет на ртг-сликата, Позиционирање на филмот, објектот за сликање и X-зраците, Карактеристики на X-зраците, перцепција на рендгенските слики и Создавање, својства и интеракција на зраците, да го воведе студентот по стоматологија во потребата од општите познавања на оваа материја со цел да може понатаму со леснотија да ја следи материјата за изработка и намена на ртг-сликите во стоматолошката практика.
2. **Познавања од физиката**. Согледувајќи ја потребата од освежувања на познавањата од физиката, авторката во ова поглавје внесува поднаслови за: Продукцијата на X-зраците, за единици за дозирање на радијацијата, Биолошки ефекти и ризиците од нив и Како доаѓа до израз штетното дејство на X зраците. На овој начин на студентите им е олеснето вклопувањено во оваа материја која може да биде многу сериозна, штетна, а сепак неопходна во медицината и стоматологија.
3. **Опрема за X- зраците, филмови и процес на изведување.** Секако дека производството на ртг-сликите бараат соодветна опрема која

студентите треба добро да ја запознаат заради практичната настава, а подоцна и заради нивна употреба во практиката. Овие потребни знаења се изложени во поднасловите на ова поглавје: Фокална точка, големина и принцип на правецот на фокусирање, Главни составни делови на контролниот панел, Рецептори на слика, Филм за директна и индиректна постапка, Касети, Складирање на филмот, Опрема за развивање на филмот, Рачно и автоматско развивање на филмовите и Саморазвивачки филмови.

4. **Потекло на денталната радиологија** е поглавје кое по краткиот историјат за потеклото на денталната радиологија со своите поднаслови се надоврзува на радиоактивно дејствување на ткивата, радиоактивни ефекти во оралната празнина и ткивата воопшто, на ембрионите и фетусите.
5. **Радиоактивна заштита** е поглавје посветено целосно и исцрпно на заштитата од ризикот. Во него се конкретно посочени и опишани клиничките дози на ртг-сликање за одделни органи, професионалната експозиција на вработените во ртг-кабинетите, персоналните средства за мониторинг на озрачувањето и препораки за заштита од прекумерно озрачување.
6. Со Образложување на " **Најчести грешки при рендгенграфирањето"** авторката го завршува општиот дел на овој ракопис .

**7. Техники на ртг-снимања**

Вториот дел авторoката исклучиво го посветува на видовите техники за рендгенграфирање на оро-фацијалната регија. Во овој дел детално се опишани и со фотографии се поткрепени за поексплицитно излагање сите техники кои се користат во стоматологијата. Вака богато илустрирани тие ке му помогнат на студентот полесно да ги совлада и применува оти се клучни за добивање на ртг-наоди за клиничко дијагностицирање и следење на тераписките постапки.

**8. Нормална анатомска рентгенографија**

Секако дека оваа материја е неопходно прва да се совлада за да можат патолошките збиднувања и отстапување од неа лесно да се читаат и детектираат на ртг-сликите. Затоа авторката многу концизно и прегледно теоретски и илустративно ја образложува. Содржината на ова поглавје ја претставуваат поднасловите за нормалните ртг-наоди на забите, пулпата, потпорните структури, максилата, мандибулата и ресторативните материјали.

**9, Интраорални радиографски испитувања.** Како најфреквентни, испитувања во секојдневната стоматолошка клиничка практика, авторот им посветува посебно поглавје со тоа што недвосмислено укажува на критериумите кои го гарантираат квалитетот на сликите, особеностите на овие испитувања во детската возраст, во доцнежната

возраст и размислувања за изведување на овие снимања при посебни ситуации.

**10. Рендгенски анализи на патолошките состојби на забите**

Патолошките состојби на забите на ртг-сликите во ова поглавје лесно ке се воочат кога претходните страници ги запознаа студентите со нивната нормална состојба. Кариесот, најчестата патолошка деструкција на забниот орган е целосно претставена и обработена од сите аспекти како и сите видови на **аномалии** во наредното **11 поглавје.**

**12. Трауми**

Во ова поглавје се опишани траумите на забите и на вилиците, како и регресивните промени на забите.

**Инфекциите и инфламациите на вилиците и на лицевите коски** се опишани во наредното **13. поглавје** со сите карактеристични ртг- знаци за распознавање и дијагностицирање.

**14.Темпоромандибуларен зглоб.** Како поспецифична и пообемна регија, авторите ја третираат поопширон со значаен осврт на неговиот анатомски состав, со видовите методи за негово ртг-испитување и патолошките промени кои на овој начин се регистрираат.

**15 .Радиографските испитувања на саливарните жлезди** исто заземаат посебно поглавје како и **Параназалните синуси во 16. поглавје**

Овие методски единици иако спаѓаат во специјалистички домен на здравствено дејствување, сепак авторите сметаат дека студентот во својата додипломска едукација мора во целост да ги совлада за да може егзактно диференцијално дијагностички да ги распознава со помош на ртг- знаците. На тој начин младиот стоматолог ќе може да ги превенира патолошките збиднувања или благовремено да ги упати на вистинско место.

**17.Неправилности во развојот на лицето и вилиците.** Овие отстапувања од нормалниот развој се дадени во обемот во кој ги предвидува наставната програма со сите свои распознатливи ртг - карактеристики.

**18. Рендгенграфија на пародонталните ткива при пародонтопатија**

На ова поглавје во ракописот му се посветени повеќе страници бидејќи и пародонтопатијата, како и кариозниот процес, претставува едно од најраспространетите заболувања во оралната празнина. Тоа е заболување кое ја напаѓа популацијата во секоја возраст правејќи разрушувања на забниот низ од парцијални димензии до комплетни.

Затоа авторите си поставиле задача многу конкретно со помош на ртг-илустрации да ги претстават прво нормалните потпорни ткива, а потоа заболените низ рендген распознатливите фази на развојот на заболувањето. Тука се опфатени сите инфламаторни, атрофични и некротични промени на меките и коскените структури.

**Општа педагошка оценка**

Ракописот "Основи на стоматолошката рендгенологија" е конципиран систематизирано и ги опфаќа спецификите од доменот на Стоматолошката рендгенологија кои се во апсолутна согласност со предвидевидената програма.
Напишан е јасно и богато илустриран така сто секое теоретско сознание е поткрепено со фотографија или ртг слика. Илустрациите го олеснуваат следењето на текстот и паметењето на фактите. Од секое поглавје се согледува неговата целовитост и можност за применување на стекнатите знаења.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот " Основи на стоматолошката рендгенологија " е прв во нашата земја кој ја обработува програмата "Стоматолошка рендгенологија " наменета за додипломска едукација на студентите по стоматологија. Како таков, тој претставува вреден придонес кон стоматолошката стручна литература. Ракописот содржи важни поглавја кои се дел од задолжителниот курикулум на студентите по стоматологија за апаратура и изработка на ртг- сликите, за нивно толкување при дијагностицирањето на клиничките состојби и следење на преземените терапии. Според тоа, тој претставува неопходно потребна литература за студентите по стоматологија како и потсетник за младите лекари-стоматолози.
Врз основа на досега изложеното, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да го објави ракописот како **учебник "Основи на стоматолошката рендгенологија"**.

**Рецензент**
Проф.д-р Борис Величковски с.р.